

# АВТОПОРТРЕТИ □ SELF-PORTRAITS

дел прв

part one


Керол Чо Carol Cho

Марко Георгиев Marko Georgiev

## ФОТОГРАФИИ НА ЧОВЕЧКИОТ НЕМИР И ИЗГУБЕНАТА НАДЕЖ

Човекот не е збир од одделни делови, туку интегрално единство на телото, душата и на духот. Телото е материјализација на човековата природа. Душата е животната сила којашто го анимира телото, за да не биде некаква грутка од материја, туку нешто што се движи, расте, што чувтсвува и што забележува. Животните, исто така, имаат душа, а можеби и растенијата. Но, за разлика од нив, душата на човекот е надарена со свест, со ум и со разум, способни за апстрактно мислење. Но тоа, пак, парадоксално, не го попречува да посегнува по своето тело, па дури и по својот живот. Не постои животно коешто свесно се самоповредува. Конечно, третиот дел од интегралното единство е духот, а животните немаат дух.

Затоа што поседува разумна душа и духовен ум, човекот поседува и моќ за самоодредување, со чувство за добро и за зло и со способност да се определи за едното или за другото. Таму каде што животните дејствуваат со инстинктот, човекот е способен да направи слободна и свесна одлука.

Културата и образовниот систем на современиот западен свет, кои како модели сé повеќе се применуваат и кај нас, се засновани, речиси без исклучок, на практицирање на рационалното и, во нешто помала мера, на естетските емоции. Повеќето од нас заборавија дека ние не сме само мозок и волја, сетила и емоции, туку дека сме, исто така, и дух.

Овие фотографии говорат за тоа дека современиот човек го загуби допирот со највистинскиот и највисокиот вид на самиот себеси. Исходот на ова внатрешно отуѓување се гледа во човечкиот немир, во недостигот од идентитет и во загубената надеж.

Создавајки го светот, Бог створил две нивоа: духовното или умното ниво, и материјалното или телесното ниво. Во првото ниво, Бог ги створил и ангелите, кои не поседуваат материјално тело, а во второто ниво е создадена и вселената, со нејзините ѕвезди, планети, со растителните и со животинските видови. Единствено човекот, и само тој, егзистира истовремено во двете нивоа. Преку својот дух и духовен ум, тој живее и другарува со ангелите. Од друга страна, преку своето тело и душа човекот се движи, чувствува и мисли, јаде и пие, ја претвора храната во енергија, органски учествува во материјалниот свет кој, пак, поминува низ него преку неговите сетила.

Затоа нашата - човечка - природа е посложена од ангелската, бидејќи има повеќе можности. Гледано така, човекот не е "пониско", туку "повисоко" суштество од ангелот. Создаден според ликот Божји, човекот е во срцевината на божјата креација. Учествувајќи и во духовното ниво и во нивото на материјалниот свет, тој е образ и огледало на севкупното творештво: imago mundi, мала вселена, микрокосмос. Сите створени нешта имаат допирна точка во човекот. Затоа, секое посегање по човечкото тело е посегање по неговиот креатор - Бог.

Затоа, на човекот му е зададена задачата да ги помири и да ги хармонизира двата света - духовниот и материјалниот. Да ги доведе во единство: да го одухови материјалното и да ги разоткрие "заборавените" или потиснатите можности на створениот божји поредок. Како што кажал еврејскиот хасид: човекот е повикан да "напредува скала по скала, сé додека низ него не се обедини сé". Како преку посредник, преку човекот - светот му се враќа на Бога.

Човекот е во состојба да ја исполнува таа посредничка улога само поради тоа што неговата човечка природа е суштински и темелно едно единство. Кога човекот би бил само душа, којашто привремено живее во телото, како што замислувале старогрчките и индиските философи, и кога негово-то тело не би било дел од неговото себство, туку само парче облека или зандана од којашто душата сака да побегне - човекот не би можел да се јавува како посредник. Човекот е одуховен и со почитта кон своето тело: "... телото ваше е храм на Светиот дух кој е во вас", пишува апостол Павле. Но, со одуховувањето на телото, човекот не го дематеријализација. Напротив, задача на човекот е духовното да го пројави во и низ материјалното. Во таа смисла, христијаните се единствени вистински материјалисти.

***Зоран Бојаровски***



Модрица 1 Bruise 1

## PHOTOGRAPHS OF THE HUMAN'S UNEASINESS AND LOST HOPE

Man is not comprised of separate parts, but an integral unity of the body, the soul and the spirit. The body is the materialized human nature; the Soul is the vital force that animates the body. It is not just a heap of matter, but a moving, growing, emotional and sensory being. Animals have souls too, even plants. However, the human soul is given consciousness, mind and reason and is capable of abstract perception. This, on the other hand, paradoxically though, does not stop people abusing their bodies or even taking their own life. There is not any animal that can consciously damage itself. Finally, the third part of the integral unity is the spirit that animals do not possess.

Having a conscious soul and a spiritual mind, people also possess the power of choice, with a sense for what is good and evil, as well as the capability to choose one or the other. Where animals use their instinct, people freely and consciously make decisions.

The contemporary Western culture and its educational system, increasingly applied as models in our country, are based, almost without exception, on practicing the rational and, in some cases, the aesthetic emotions. Most of us have forgotten that we are not just brain and will, senses and emotions, but also spirit.

These photographs are trying to say that contemporary man has lost touch with the truest and the highest entity of his kind. The result of this inner alienation can be seen in the human's uneasiness, lack of identity and loss of hope.

Creating the world, God created two levels of existence: the spiritual or the mental level, and the material or the bodily level. In the former, God created the angels, who do not possess a physical body, and in the latter level the universe was created, with the stars, planets, and the animal world. People, and only people, can exist on both the levels. With their spirit and spiritual mind, they live and make company with the angels. On the other hand, through their body and soul, people move, feel and think, eat and drink, change food into energy, take part organically in the material world, which passes through them via their senses.

Therefore, our human nature is more complex than the angelic – there are more opportunities. Consequently, people are not "lower", but "higher" beings than angels. Created in God's image, people are the core of God's creation. Taking part, both, in the spiritual and the material world, they represent an image and reflection of the overall creation: *imago mundi*, a small universe, a microcosm. People are the keystone of all things created. Therefore, every attempt to hurt (abuse of)1 the human body is(or, represents) an attempt to hurt (abuse of) its creator – God.

Therefore, people are given the task to reconcile and harmonize both the worlds – the spiritual and the material; to bring them back in unity; to breathe the spirit into the material and to discover the "forgotten" or the suppressed opportunities of the created heavenly order. As once said by a Jewish Hasid : "Man is summoned to improve step by step, until everything re-unites through him." The world returns to God through Man, as a mediator.

People are able to fulfil this mediating role only because their human nature is essentially and thoroughly one big unity. If man was only a soul, temporarily possessing the body, the way ancient Greek and Hindu philosophies describe it, and if his body was not part of its entity, but a piece of clothing or even a cage the soul strives to break out of – people could not act as mediators. People are also blessed for respecting their bodies: " ...thou body is a temple of the Holy Spirit that is in thee...",says Paul, the evangelist. However, being blessed with the spirit, man does not dematerialise the body. On the contrary, human's task would be to manifest the spiritual in and through the material. In that sense, the Christians are the only materialists.

***Zoran Bojarovski***

Prazninata mora da se popolnuva, transparentno platno 115 x 230    The void must be fulfilled, transparent cloth 115 x 230



Гребаница 1 Scrape 1



Гребнатинка 2

Scrape 2



Гребнатинка 3 Scrape 3



Модрица 3

Bruise 3



Исекотина 1 Cut 1

## Карол Чо

*Родена 1978, Њу Џерси*

Завршува на  државниот универзитет Ратгерс, во Школото за уметности Мејсон Грос, насока фтографија;

**Поважни самостојни изложби:**
·2000 Скопје, "Автопортрети", кафе бар Медиум;2000;
·2001 Скопје, "Автопортрети-дел прв", "ЦАЦ"- Галерија на современи уметности (колаборативен проект со Марко Георгиев);

**Групни Изложби:**
·1999 Њу Брансвик, "Авантурата не престанува", (колаборативен проект со Марко Георгиев), Арт Опен 99 во школото за уметности "Мејсон Грос";
·2000 Битола, ,"Егзибиционизам-Воајеризам - (Деструктивизам)" Интернационален Арт Симпозиум  ДА-НЕ (колаборативен проект со Марко Георгиев); фото инсталација во лифтот на хотел Епинал;
·2001 Скопје "Форум Новинска Фотографија", Музј  на Град Скопје;

**E-mail:** angellive13@hotmail.com

---

## Марко Георгиев

*Роден 1974 во Скопје*

·1999/00 - Четврта година од ликовната академија ја слуша во државниот универзитет во Њу Џерси, во школото за уметности "Мејсон Грос" како ОСИ стипендист;
·1999/00 - Асистент на професофот Ален Фрејм во "Интернационалниот Центар за Фотографија", Њу Јорк;
·2000-Апсолвент на Ликовната Академија во Скопје, во припрема на дипломска работа;

**Изложби:**
·1998 јуни, "Микрокосмос" - МКЦ галерија,фотографии
·1999 ноември; "Дервиши", социјално документарни фотографии, галерија на Славик Центарот, Њу Брансвик, Њу Џерси,
·1999 ноември; "Авантурата не престанува", школо за уметности "Мејсон Грос", Њу Џерси-колаборативен проект со Карол Чо,
·2000 февруари, "Авантурата не престанува", галерија "Мејсон Грос", - колаборативен проект со Керол Чо, како дел од групна изложба;
·2000 февфуари, "Избеглици", галерија ДТЦ, Челси, Њу Јорк, - социјални фотографии;
·2000 јуни, "Егзибиционизам - Воајеризам - (Деструктивизам)", колаборативен проект со Керол Чо, како дел од интернационалниот симпозиум "Да - Не" , фото инсталација во лифтот на хотел Епинал;
·2001 април, "Автопортрети - дел прв" Скопје ЦАЦ Галерија (колаборативен проект со Карол Чо);

**E-mail**: shemarko@unet.com.mk

Издавач: Центар за Современи Уметности - Скопје (САС); За издавачот: Мелентие Пандиловски; предговор: Зоран Бојаровски; превод на англиски: Перо Сарѕоски; ликовно обликување и дизајн: Борис Шемов; подготовка и печат: Форум-Принт, тираж: 500   ИСБН 9989-745-51-Х/2001 2001  ЦАЦ - Скопје

## Carol Cho

*Born 1978 in New Jersey*

Rutgers University at Mason Gross School of the Arts- Major in Visual Arts with a concentration in Photography and at Rutgers College- Minor in Psychology.

**Solo exhibitions:**

·2000 Skopje, "Self-Portraits" at Café Bar Medium.

·2001 Skopje, "Self-Portraits" (collaborative project with Marko Georgiev) at CIX Gallery at the Contemporary Art Centre.

**Group exhibitions:**

·1999 New Brunswick, "The Adventure Never Stops" (collaborative project with Marko Georgiev) for the 'Art Open 99' at Mason Gross School of the Arts.

·2000 Bitola, "Exhibitionism and Voyeurism" (collaborative project with Marko Georgiev). Part of the International Art Symposium, "Yes/No."

·2001 Skopje. Part of the "Forum Press Photography" at Museum of City Skopje.

**E-mail**: angellive13@hotmail.com

---

## Marko Georgiev

*Born 1974 in Skopje*

·1999/00 Last year of education finished at Rutgers the State University of NJ, at Mason Gross School of the Arts, as an OSI scholarship student

·1999/00 Teacher Assistant at ICP, NYC, NY

·2000 Candidate for a degree in Fine Arts at the Academy of Fine Arts - Skopje

**Selected exhibitions:**

·1998 "Microcosm" - YCC gallery;

·1999 "The Dervishes" - The Slavic Center, New Brunswick, social documentary photography;

·1999 "Adventure Never Stops" - Mason Gross Gallery, New Brunswick (collaborative project with Carol Cho);

·2000 "Refugees" DTC Gallery, Chelsea NYC

·2000 "Exhibitionism - Voyeurism" Bitola, International Art Symposium YES-NO

·2001 "Self-Portraits part one" Skopje CAC gallery (collaborative project with Carol Cho);

**E-mail:** shemarko@unet.com.mk

Published: The Contemporary Art Center – Skopje; editor in chief: Melentie Pandilovski; text: Zoran Bojarovski; translated into English: Pero Sardzoski; text edited: Jason Brown; lay-out and design: Boris Shemov; printed by: Forum-Print, copies: 500

ISBN 9989-745-51-X/2001 2001 by CAC - Skopje




CAC the contemporary art center

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

форум

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland
Cultural Exchange East - West